

# Blocksi AI Web Filter

MKSafeNet

Оваа екстензија користи вештачка интелигенција за да филтрира и блокира несоодветни содржини како порнографија или насилство, не само преку URL-адреси, туку и преку слики и видеа. Blocksi нуди филтрирање на над 85 категории на содржини и напредни опции за YouTube, како и алатки за детекција на сајбер малтретирање. Сето тоа може да се управува од Parent Dashboard или мобилна апликација.



**За инсталација на екстензијата се користи следниот линк:**

**https://chromewebstore.google.com/detail/blocksi-ai-web-filter/celjchjgliegnlalhjegfcaacphgdkij?hl=en-US&utm_source=ext_sidebar**
**или може да се искористи пребарувачот во Chrome web store.**
**Се клика на иконата „Add to Chrome“:**



Потоа се потврдува изборот со кликање на копчето „Add extension“:



Иницијално се појавува волшебник за брзо подесување на екстензијата, кој може да се исклучи со кликање на „Skip Wizard“ во горниот десен агол. На првиот екран од волшебникот треба да се избере опцијата „free“ за да се користи бесплатната верзија на екстензијата и потоа се клика „next“.



**Во наредниот екран достапни се два однапред дефинирани филтер-пресети, со цел да ги задоволат потребите за интернет филтрирање, прилагодени за возрасни и за деца.**






**Потоа може да се внесе лозинка или да се прескокне со кликање на „Don’t use password to protect extension“ и на крај се клика на „finish“.**




Интернет безбедност

MKSafeNet

Во зависност од избраниот тип на филтер, подолу се појавува листа од категории на содржини кои може да се дозволат, забранат или само да дава предупредување. Секоја категорија има поткатегорија која исто така може да се подесува. Од десна страна во делот „Presets“ може да се промени корисникот на прелистувачот (возрасни или деца):






На вториот екран „URL Filter“ може да се внесуваат страници кои сакаме да бидат дозволени или забранети.




MKSafeNet

Третиот екран „Content Filter" служи за блокирање на веб страници по содржина. Потребно е сами да внесете клучни зборови или фрази според кои филтерот ќе ги блокира страниците што ги содржат тие зборови/фрази.




MKSafeNet




На четвртиот екран „YouTube Channel Filter“ можете да дозволите или блокирате пристап до одредени канали на YouTube со нивно додавање во списокот со филтри за канали на YouTube. Името на каналот е осетливо на големи и мали букви.

MKSafeNet




Петтиот екран „YouTube Keyword Filter“ служи за блокирање на Youtube видеа по содржина. Потребно е сами да внесете клучни зборови или фрази според кои филтерот ќе ги блокира видеата што ги содржат тие зборови/фрази.

# Access denied

Requested web page is denied

URL: https://www.youtube.com/watch?v=mXDI6M4GQ2k

Filter: Youtube Keyword Filter

Youtube Category: Music

Copyright © 2016 | blocksi.net

**„Access Time“ служи за исклучување на интернет пристапот во временски интервал кој ќе го подесите во табела.**

